МПЦ

# Во Синодот нема слики од Коцоман

ВО врска со реагирањето на ВМРО-ДПМНЕ за упадот на инспектори од Министерството за внатрешни работи во вилата „Света Софија" во Охрид и препораката Министерството сликите од хотелот „Бисер" да не ги бара во вилата, туку во Синодот на МПЦ, вчера при престојот во епархијата Повардарска во Велес, портпаролот на Синодот на МПЦ, митрополитот г. Тимотеј ни рече:

–Како портпарол на Светиот архиерејски синод на МПЦ одговорно тврдам дека никакви слики од било кој уметник, уште помалку од Вангел Коџоман, не се наоѓаат во простоирите на Македонската православна архиепископија, поточно во салата на Светиот архијерејски синод или во просториите воопшто на Архиепископијата.

На прашањето, дали некој од Синодот на МПЦ знае кои слики се наоѓаат во вилата „Света Софија" во Охрид, господин Тимотеј ни рече дека тоа не е делокург на Светиот архијерејски синод, ниту пак надлежност на епархиското архијерејство во Охрид. Д.Р.